Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 август 2022 година

**Скопје, август 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 август 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 19:05 часот.

Со седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата учествуваа членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 25 август 2022 година, со предлог-одлуки

2. Информација за доделување на грант преку 28-от повик за техничка помош во рамките на ВБИФ за проектот „Ажурирање на проектна документација за изградба на западниот дел од железничкиот Коридор VIII, делница Кичево-Струга“

3. Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за „Реконструкција и адаптација на КАРИЛ–Универзитетска клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување“

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

6. Информација во врска со постапките за трајна пренамена на шумско земјиште при изградба или реконструкција на државни патишта

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 25 август 2022 година, со предлог-одлуки и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 25 август 2022 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија, во предложениот текст.

4. Да се информира Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесена Одлука за постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија и Одлука за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на грант преку 28-от повик за техничка помош во рамките на ВБИФ за проектот „Ажурирање на проектна документација за изградба на западниот дел од железничкиот Коридор VIII, делница Кичево-Струга“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, а по претходно добиени позитивни мислења за апликацијата од Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии, до Секретаријатот за европски прашања да достави ВБИФ апликација во рамки на 28-от повик за техничка помош за Проектот „Ажурирање на проектна документација за изградба на западниот дел од железничкиот Коридор VIII, делница Кичево-Струга“, најдоцна до 25 август 2022 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во електронскиот систем (МИС) да ја поднесе ВБИФ апликацијата во рамки на 28-от повик за техничка помош „Ажурирање на проектна документација за изградба на западниот дел од железничкиот Коридор VIII, делница Кичево-Струга“, најдоцна до 26 август 2022 година.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за „Реконструкција и адаптација на КАРИЛ–Универзитетска клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2022, 2023 и 2024 година на Министерството за здравство, за набавка во вкупна вредност од 122.944.000 денари со вклучен ДДВ, за изведба и надзор, со динамика на плаќање и тоа:

Средства од Буџет на Република Северна Македонија, сметка 637, Програма 1А:
- 5.000.000 денари за 2022 година
- 60.000.000 денари за 2023 година и
- 57.944.000 денари за 2024 година,

со укажување динамиката на плаќање да биде во рамките на одобрениот максимум во буџетот на Министерството.

2. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

Истовремено, Владата заклучи да престане да важи заклучокот од Точка 81, Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реновирање на КАРИЛ-Клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување, од 130-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2021 година.

**Точка 4**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 5**

Владата заклучи:

1. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да објави тендерска постапка за избор на надзор, правен трансакциски советник и за ревизија на проектна документација за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да објави тендерска постапка за изработка на физибилити студија за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапките за трајна пренамена на шумско земјиште при изградба или реконструкција на државни патишта и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта за сите проекти за изградба или реконструкција на државни патишта каде што се врши трајна пренамена на шумско земјиште, да донесува соодветен акт за донација на дрвната маса на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о.-Скопје.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о.-Скопје, по добивање на актот за донација, да склучи договор за донација со Јавното претпријатие за државни патишта и во најкраток можен рок да ги преземе сите потребни дејствија за сеча и извезување на дрвната маса од трасата каде е предвидена градба.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**